РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

| Примено: 03 -03- 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един | Број | Прилог | Вредност: |
| | | | |

До раководител при
сектор за високо образование,
Министерство за образование,
г-дин Борче Алексов

## Барање за конфирмација

Иако се познати состојбите во образованието, во смисла дека јасно се разликуваат термините ЕКТС и Стара студиска програма, сепак се предизвикува конфузија од пракса која дури има и неоснована правна моќ поинаку да не се постапува.

Имено, ЕКТС студиската програма е за студенти кои почнуваат од 1-ва учебна година на државниот универзитет УКИМ, а не е за апсолвенти кои го поминале целиот образовен процес од прва до 6-та година.

Сите студенти кои завршиле по Стара програма, со предавања и практична настава со комплетно заверени семестри на Медицинскиот факултет, треба да си ги доположат преостанатите испити и секако дипломскиот-завршен испит.

Преминот на апсолвенти од Стара во ЕКТС програма истакнува разлика и некомпатибилност со предходните студии и затоа дополнително се оптоваруваат со условувачки барања од Медицински факултет, нивно враќање во 3-та студиска година со дополнителни испити од 1-ва година. Зошто би се враќале назад тие што ги завршиле студиите? Баш напротив, тие што еднаш се здобиле со статус Апсолвент треба да продолжат до конечно дипломирање, право кое е загарантирано со закон.

Условувачките барања од Медицински факултет, до сопствените Апсолвенти, за префрлање во ЕКТС студиска програма се овозможува и со квази „Забрана за пријавување на испити“ додека не ги исполнат условите. Но ЕКТС нема таков закон за „Забрана за пријавување на испити“ ниту пак со Старата програма. А токму според Старата програма завршените студенти се здобиваа со право секој месец да полагаат испити и затоа треба повторно да ни се овозможи тоа законско право на Апсолвентите до дипломирање. Според законот за виско образование во член 152 - Премин од едни на други студии јасно пишува:

Во текот на студиите, студентот **може** да премине од една на друга студиска програма или од една на друга високообразовна установа, под услови утврдени со студиската програма, односно статутот на високообразовната установа на која студентот преминува.

Законот правно се толкува дека студентот **може**, но *не мора* да премине во нова студиска програма. Тоа значи дека било какви условувања на Апсолвентите се незаконски и прекршување токму на овој член 152 кој нуди слобода во изборот, ЕКТС или продолжување според Стара програма.

Необични измислени условувачки барања од Медицински факултет-Скопје УКИМ, веќе направија штета на една мала група на Апсолвенти од 10-15 бидејќи ги изгубија сите сесии во зимскиот семестар 2015г. токму поради „забраната за пријавување испити“ при Деканатот. Тоа сеуште трае иако летниот семестар веќе започна. Во наша корист би било да ни се овозможи нормално пријавување на преостанатите испити.

Ве замолувам, да ми одговорите на барањето за потврдување - конфирмација дека:

- ЕКТС не е за Апсолвенти кои ги завериле сите семестри и го завршиле образовниот процес, туку за студенти кои почнуваат од 1-ва година и се во тек на следење на образовниот процес, студирање.
- Потоа, дека нема потреба да се поднесуваат условувачки барања од Медицински факултет, до истите, за да мораат да се префрлат по ЕКТС затоа што ние веќе го завршивме целиот образовен процес и се здобивме со статусот Апсолвент.
- Спроведување на студентско-Апсолвентското право да се пријавуваат редовно испити во секоја сесија, секој месец, а не „забрана за пријава и излез на испит“.

Апсолвент Игор Манев
3 Март 2016г.

Игор Манев

адреса: ул.Финска 127А, Скопје
И-мејл: igor_manev@yahoo.com
тел: 070 257 010; 071 710 727